# Оглас за вработување на двајца (2) асистенти за поддржано живеење/негователи за станбени единици за живеење со поддршка во заедницата во Велес

07.02.2023

Здружението Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој во рамки на проектот Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот - "Не оставај никој зад себе" има потреба од **двајца (2) асистенти за поддржано живеење / негователи за станбени единици за живеење со поддршка во заедницата** кои ќе работат 40 часа неделно (полно работно време) во Велес почнувајќи од февруари/март 2023 година.

**За Проектот "Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го приниципот - Не оставај никој зад себе"**

Проектот "Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го приниципот - Не оставај никој зад себе" е финансиран од Европската Унија.

Главна цел на проектот е да овозможи поддршка за развој на нови и постојните социјални претпријатија, да ја зајакне нивната економска независност преку следење на принципот "Не оставај никој зад себе",и има за цел да ги подобри оперативните капацитети и одржливост на веќе постоечките и новите социјални претпријатија и креира нови работни места за ранливите групи граѓани и лица со попреченост.

Проектот ќе придонесе за поволни услови за работа на социјални претпријатија, преку поддршка за воспоставување нови и подобрување на оперативните капацитети на најмалку 6 социјални претпријатија, а истовремено ќе поддржи нови вработувања на најмалку 9 лица од ранливите групи (лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени). Имајќи ги предвид потребите и ограничувањата на ниво на целата земја, главните ограничувања во земјата се недостатокот на знаење и свесност за социјалното претприемништво и недостатокот на соработка помеѓу социјални претпријатија, јавните институции и приватниот бизнис. Период на имплементација на проектот 01.12.2021- 31.05.2023 година.

Специфични цели:

- Поддршка за основањето на нови и развојот на постојните социјални претпријатија за да се обезбеди одржлив економски раст и да се подобри квалитетот на нивните услуги и производи;

This project is funded by the European Union
EU with YOU
A project implemented by: CeProSARD

- Подршка на вработувањето на ранливите групи граѓани со што се создаваат нови и одржливи работни места следејќи го принципот – "Не оставај никој зад себе";
- Воспоставување на соработка меѓу социјални претпријатија/ГО, локалните бизниси и општините да го стимулираат зелениот економски раст, заштитата на животната средина и да ги подобрат социјалните услуги и нивното вмрежување;
- Подигнување на јавната свест за предностите на развојот на социјалните претпријатија и вклучување на ранливите групи во заедницата;

Вработувањето ќе се изврши врз основа на договор на услуга во рамки на проектот за 10 месеци во временскиот период февруари/март 2023 – ноември/декември 2023 година.
По завршувањето на договорниот период за финансирање од страна на проектот, социјалното претпријатие ќе изврши проценка на потребните позиции и согласно состојбата ќе ја продолжат или скратуваат работната позиција во согласност со Правилникот за социјални услуги на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) на Република Северна Македонија, за продолжување или скратување на работната позиција.

Задачи на негователите / асистентите за поддржано живеење на услугите

- Работните задачи негователот ги реализира во согласност со планот и програмата за работа на станбената единица, подготвен од овластениот давател на социјална услуга;
- Изведува секојдневна нега на полуподвижните (хигиена на креветот, бањање на корисникот, бричење и шишање на корисникот, хранење на корисникот доколку не е самостоен, грижа за правилниот начин на исхрана, хигиена по завршена физиолошка потреба);
- Поттикнување самостојност кај корисниците во изведување на секојдневните активности;
- Одржува хигиена во сите простории во станбената единица, и сиот инвентар во нив;
- За дневните активности негователот води белешки и прави писмено примо предавање во однос на сите забелешки на станбената единица;
- Соработува со стручниот тим во станбената единица и ги спроведува нивните налози и инструкции во корист на корисникот. За сите промени на однесување на корисниците го известува координаторот на станбената

единица;

- Го зголемува надзорот кон одреден корисник чие однесување излегува од рамките на вообичаеното и го преминува нивото на толеранција;
- Обезбедување услуги за корисникот во согласност со неговите упатства, врз основа на одлуката на Центарот за социјална работа, списокот на активности за индивидуална помош и поддршка и индивидуалниот план за работа со корисникот или договорот за услуги;
- Водење евиденција за работата и нејзино доставување до координаторот на неделно ниво;
- Соработка со членовите на семејството на корисникот, социјалниот работник и други лица од средината на корисникот;
- Учество на координативен состанок организиран од координаторот;
- Навремено известување на корисникот и давателот на услугата во случај на боледување или друга причина за отсуство;
- Учество на курсеви за обука според планот за унапредување на вештините и знаењето на вработените;
- Обезбедување дневна грижа за корисниците, вклучувајќи и подготовка на храна, грижа за личната хигиена, поддршка на корисниците за време на излети за купување лични предмети кога е потребно, или ако има потреба да излегуваат надвор поради разни други причини итн.;
- Да се обидат да ги вклучуваат корисниците во каква било мала активност во единицата што може да овозможи да се чувствуваат корисни, да уживаат или да ги подобрат своите меки вештини;
- Извршување разни домашни работи (на пример, чистење, готвење, купување и чување на намирници);
- Обезбедување и грижа за сигурноста на корисниците на услугите и кога се излезени заедно надвор во заедницата;
- Учество на состаноци на вработените;
- Учество во составувањето на личните планови на корисниците;
- Организирање и реализација на групни активности за рехабилитација (на пр. рачни изработки, сликарство, градинарство) и групни игри.

Минимум услови

- Завршено основно или средно образование;
- Сертификат за негувател или Потврда од лиценциран и овластен давател на социјалната сервисна услуга "Живеење со поддршка";
- Со или без работно искуство во поддршка на лица со попреченост, вклучувајќи и лица со интелектуална попреченост, лична асистенција.помош

This project is funded by the European Union
EU with YOU
A project implemented by: CeProSARD

и нега во домот, ќе се смета за предност;
- Силни меѓучовечки способности, тимска работа и комуникациски вештини;
- Способност за управување со криза и давање решенија за управување со конфликти;
- Силни писмени и усни комуникациски вештини на македонски јазик;
- Здравствена способност за извршување на работната активност

Според членот 22 од Правилникот за начинот и обемот на социјални услуги на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) на Република Северна Македонија, кандидатот не смее да има одземен или ограничен работен капацитет, не смее да е лишен од родителски права, не смее да е осудуван за какво било кривично дело казниво со затвор на повеќе од шест месеци и да нема никаква забрана за извршување на своите должности, активности и професии.

Аплицирање/Пријавување
Ги повикуваме кандидатите да достават целосна биографија на македонски јазик **до 15/02/2023 (среда)** на info@ceprosard.org.mk со наслов **Апликација за Поддршка на вработувањето на ранливите групи граѓани**.
Кандидатите ќе бидат известени за **резултатот од изборот** до 17.02.2023. Кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју.
Сите пријави ќе се сметаат за доверливи, во согласност со барањата за заштита на личните податоци.

Процес на избор/селекција
Во „ЦеПроСАРД" ја поддржуваме различноста и ги охрабруваме да се пријавуваат кандидатите бидејќи цврсто се спротивставуваме на секоја форма на дискриминација врз основа на раса, религија, боја, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, возраст, недисквалификувачки физички или ментален хендикеп или национално потекло.
Сите информации на пријавените лица ќе останат доверливи и ќе им бидат откриени само на овластени лица со цел да ги извршуваат своите должности. „ЦеПроСАРД" гарантира дека овластените лица кои ќе имаат пристап до личните податоци на пријавените лица, целосно ги почитуваат одредбите за заштита на податоците, додека и самите подлежат на регулаторна обврска за доверливост.
За какви било прашања или појаснувања, слободно контактирајте нè на info@ceprosard.org.mk

This project is funded by the European Union
EU with YOU
A project implemented by: CeProSARD